# 8. ДЕЛИ НАС'Ф

Крај: Тиквеш, Кавадарци
Peeл: Младен Тодоров
Роден: Кавадарци, 1915 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр. : неснимена
Забележена: Кавадарци, Тиквеш
меѓу 1932 и 1938 год.
Мелограф.: Кавадарци, 1932—36 г.




Дели ми Нс,ф ф тија бегови,
девет години како слугува,
пара не му дале, пара ни скршена,
пара ни скршена, д'жен го вадат;
Нас'фови деца голи боси одат,
тешко му паднало на Дели Нас'фа.

Нас,ф си стана клети арамија,
клети арамија, страшен кесеџија,
Дели си Нас,ф мартин наметна
и ми ојде Нас'ф ф гора зелена;
ми настури Нас'ф ф беговски чифлици,
борчот да му врати на тија бегови,
куќи им запали, племњи им изгоре,
ѕевгари распрегна, момци им разбрка.

Тргнала потера по Дели Нас'фа,
од планина Нас'ф жив да го фанат,
Нас'ф писмо пише на стара си мајка,
како знае брат му Јусуф на дојде,
Јусуф да си земе тежокот мартин,
и да ме посака ф селото Радња,
ф селото Радња, кај Јован Радњански;

ак ме тамо нема да ме посака
ф селото Барово у Асеновци;
ак ме тамо нема, да ме посака
ф Долна Дрчевица, ф чифличка воденица,
воденичар ќе бидам, у овоа зимо,
на пролет комита јас ќе испаднам,
беговски борчови ќе ги исплатам.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978